| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Лет, лет Буба Маро |
| **Содржина на денот** | Вредни пчели |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Потсетување на децата за физичкото растојание и начинот на кој се изведува за зачувување на нивното здравје.<br><br>Потсетување на хигиената на рацете и кога и зошто треба да се мијат. |
| **Активности** | За активноста потрбна е претходна подготовка: пластични цвеќиња или исечени хартиени цветови, мали топчиња и кофичка.<br>Активноста започнете ја со разговор со детето за промените кои се случуваат во природата на прагот на годишното време пролет со посебен акцент кон пролеттните цвеќиња и пчелите. Користете се со слики, сликовници и илустрации за подобра визуелна перцепција и поттикнување на детето на воочување. Предлог за денешната активност е да ја изведете во природа, во блискиот парк со Вашето дете.<br>Пред да ја почнете со изведување на активноста преминете кон изведување на вежби за загревање и подготвување на мускулната маса за посложени движења. Поголем акцент ставете на вежбите за долните и горните екстремитети кои особено ќе бидат активни во денешната игра. Активноста нека биде осмислена како игра. На пример: одредете една патека каде детето ќе може слоботно да трча со должина од 5 метри. На едниот крај ставете ги цвеќињата а на другиот крај кофичка.<br>Објаснете му ја целта на денешната активност и истата демонстрирајте му ја и вербално објаснете (детето треба да трча до цветот, застане земе едно мало топче и да го донесе и стави во кофаичката). Активноста нека има временско ограничување.<br>Активноста завршете ја со вежби за опуштање на муслулната маса и правилно дишење. |